ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**ВОНРЕДЕН БРОЈ 20 ГОДИНА 30 ДАТА 19.09.2012 ГОДИНА**

# *СТАТУТ*
## *НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*



ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-516/6-1.
29.07.2012 год.
Скопје

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# С Т А Т У Т

## НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Скопје, Јули 2012

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-516/6-1
29.07.2012 год.
Скопје



Врз основа на член 18 и 104 од Законот за здруженија и фондации (Службен Весник на Република Македонија бр. 52/2010) и член 43 став 1 точка а) од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, делегатите на Вонредното Генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одр`ана на ден 29.07.2012 година го донесоа следниот:

# СТАТУТ

## НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

### Дефиниции

1. За потребите и целите на овој Статут во понатамошниот текст ќе се користат следните термини:

а) ***ФФМ*** - го означува терминот, Фудбалска Федерација на Македонија;

б) ***ОФС*** - го означува терминот, Општински фудбалски сојуз;

в) ***Лига –*** се однесува на организација подредена на асоцијацијата

г) ***ФИФА*** - го означува терминот, Меѓународна Федерација на фудбалските сојузи (на француски јазик: ***Federation Internationale de football Association)***;

д) ***УЕФА*** - го означува терминот, Унија на Европските фудбалски сојузи (на француски јазик: ***Union des Associations Europeennes de football)***;

ѓ) ***БМФС*** - го означува терминот Борд на Меѓународната фудбалска асоцијација, како единствен компетентен орган кој може да ги издаде правилата на играта;

е) ***ЦАС*** – Судот на Арбитража за Спорт во Лозана (Швајцарија);

ж) ***ОФИЦИЈАЛНИ ПРЕТСТАВНИЦИ*** - го означува терминот на членовите на сите органи и комисии, тренери, судии и помошници, како и другите лица одговорни за технички, медицински и административни прашања во ФИФА, во конфедерација, асоцијација, лига или клуб;

з) ***КОМИСИЈА*** - го означува терминот, постојана или привремена комисија на ФФМ;

ѕ) ***ПРАВИЛА НА ИГРАТА*** - го означува изразот, правилата на фудбалската игра утврдени од страна на БМФС.

и) ***ПРОФЕСИОНАЛЕН ФУДБАЛ*** – го означува терминот игра, контролирана од ФИФА и организирана во согласност со Правилата на играта;

ј) ***РЕДОВНИ СУДОВИ-*** се однесува на терминот државен суд, којшто заседава на јавни и правни расправи

Во овој Статут машкиот род се однесува на двата рода.

# ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

## Форма, седиште и прием

### Член 1

1. ФФМ е здружение на граѓани кое е основано и работи согласно Законите на Република Македонија, овој Статут и другите акти на ФФМ, и е национална федерација од областа на фудбалот.
2. ФФМ е независна во работењето и осигурува при нејзиното работење, за да не постои влијание од трети страни.
3. ФФМ е регистрирана во Централен регистар на Република Македонија, на неопределено време и со целосна одговорност .
4. Седиштето на ФФМ е во Скопје, на ул. ,, 8-ма Ударна бригада" бр. 31 а.
5. ФФМ е неутрална во прашањата по однос на политиката и религијата. Дискриминацијата од било кој вид (против некоја земја, приватно лице или група на лица на сметка на етничкото потекло, полот, јазикот, религијата, политиката или било која друга причина) е строго забранета и казнива со суспензија или исклучување. Надлежниот законски орган може да наложи понатамошни санкции.
6. ФФМ е членка на УЕФА и ФИФА. Следствено на тоа ги презема следниве обврски :

а) да им служи на принципите на лојалноста, интегритетот и спортското однесување во согласност со правилата на фер игра.

б) да ги применува Правилата на игра, донесени од БМФС, како и Правилата на игра за Мал фудбал и Фудбал на плажа донесени од ФИФА;

в) да го почитува во секое време Статутот, прописите, директивите и одлуките на ФИФА и УЕФА (вклучувајќи го и Кодот на етиката на ФИФА);

г) да ја прифати јуриздикцијата на Судот на Арбитражата за спорт (ЦАС) во Лозана (Швајцарија) како што е специфицирано во релевантните одредби во Статутот на ФИФА и Статутот на УЕФА;

д) да се обраќа во последната инстанца за било каков спор од национални димензии што произлегува од, или е поврзан, со примената на Статутот или правилниците на ФФМ на независниот и непристрасен Суд за Арбитражата признат од ФФМ, кој што мериторно ќе го реши спорот со исклучување на било какви редовни судови, освен ако е тоа специфично забрането од применливата легислатива во Република Македонија;

ѓ) да осигура дека нејзините членови, лиги, клубови, фудбалери, официјални претставници, агенти за натпревари и фудбалери – преку нивните документи, Статут, лиценци, регистрации или било кој друг писмен документ – ги признаваат и прифаќаат сите гореспоменати обврски како и се согласуваат да го почитуваат Статутот, прописите, директивите и одлуките на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

7. ФФМ и секоја нејзина членка се обврзани да играат професионален фудбал во согласност со Правилата на играта донесени од БМФС, пренесени во актите и правилниците на ФФМ. Само БМФС може да донесува измени на Правилата на играта. Мал фудбал и Фудбал на плажа се играат во согласност со Правилата на игра за Мал фудбал и Фудбал на плажа, донесени од ФИФА. Само ФИФА може да ги промени правилата на игра на Мал фудбал и Фудбал на плажа.

8. Органите, телата и службените лица на ФФМ, мора да го почитуваат Статутот, регулативите, директивите, одлуките на ФИФА, УЕФА и ФФМ, како и Кодот на етичкото однесување во нивните активности.

## Цели

## Член 2

1. Работата на ФФМ се одвива заради остварување на следните цели:

а) постојано да ја подобрува фудбалската игра, да го афирмира, регулира и контролира фудбалскиот спорт на целата територија на Република Македонија во духот на фер играта и нејзините обединувачки, едукативни, културни и хуманитарни вредности, особено со помош на програмите за

млади и развојните програми;

б) да се грижи и штити за фудбалот и спортот во државата во духот на фер-плеј;

в) да ги организира фудбалските натпревари и натпреварувања во сите форми и нивоа во Република Македонија, согласно правилата на ФФМ;

г) да ги воспоставува, одржува, проширува и води сите форми на меѓународни спортски односи поврзани со фудбалскиот спорт;

д) да ги штити заедничките интереси на сите членки на ФФМ;

ѓ) да го почитува Статутот и да спречи секаков облик на прекршување на Статутот, регулативите, директивите и одлуките на ФИФА, УЕФА и ФФМ, како и Правилата на играта и да осигура дека истите ќе бидат почитувани и од страна на нејзините членки;

е) да го развива и негува професионализмот на сите членки на ФФМ;

ж) да извршува и други активности кои се од интерес на фудбалот во Република Македонија;

з) да изготвува програми и формира трговски друштва за да ги постигне своите цели.

## Знаме, амблем, печат и штембил

### Член 3

1. Знамето на ФФМ е со бела боја, со димензија од 200 x 100 см, во горниот лев агол е државното знаме на Република Македонија, во средината се наоѓа црно-бела фудбалска топка со димензии од 45 см, а под топката стојат иницијалите на ФФМ (на кирилица и латиница) со димензии од 22 x 81 см.

2. ФФМ, исто така има знаме во мал формат со димензии од 25 x 20 см. Ова знаме се користи за размена на натпреварите на националните селекции на Македонија, како и во други пригоди согласно актите на ФФМ.
3. Амблемот на ФФМ е во форма на превртен триаголник. Долгите страни на триаголникот се заоблени. Во горниот дел на триаголникот, кој е во сина боја, се наоѓа знамето на Република Македонија во хоризонтална положба, под знамето се наоѓаат иницијалите на ФФМ (на кирилица и латиница) со жолта боја, а под нив има фудбалска топка во жолта боја.
4. Печатот е во форма на круг, со амблем во средината опкружен со името Фудбалска Федерација на Македонија – Скопје, напишан на кирилица и латиница.
5. Сите измени на знамето, амблемот, печатот и штембилот на ФФМ се извршуваат по одлука на Генералното собрание .

## Фудбалери, тренери и судии

## Член 4

1. Статусот на фудбалерите и одредбите за нивниот трансфер се регулира со прописите на ФФМ за статус и трансфер на фудбалери одобрени од Управниот одбор на ФФМ во согласност со тековниот Правилник за статус и трансфер на Фудбалери на ФИФА.
2. Фудбалерите, тренерите,судиите, техничкиот, медицинскиот персонал и другите поединци инволвирани во фудбалот ќе бидат регистрирани во согласност со горенаведените прописи на ФФМ.

## Јазик

## Член 5

1. Официјален јазик на ФФМ е македонскиот јазик.
2. Албанскиот и другите јазици се применуваат како официјални јазици во согласност со Уставот и Законите на Република Македонија.

## ЧЛЕНКИ

### Член 6

1. ФФМ го сочинуваат општинските фудбалски сојузи (понатаму во текстот како ОФС) како членки, кои треба да ги исполнуваат условите пропишани со овој Статут, како и согласно одлуката за прием од страна на Генералното собрание на ФФМ.

2. Фудбалските клубови што се натпреваруваат во натпреварувањата организирани од страна на ФФМ се здружени и регистрирани членки на ОФС и не се директни членки на ФФМ. Нивното членство во еден од ОФС на ФФМ се базира на географски критериуми и е во согласност со правното седиште на засегнатиот фудбалски клуб.

3. Понатаму, ФФМ нуди членство на прописно формирани правни лица :

а) организации/сојузи на национални фудбалски чинители, кои што ги застапуваат тренерите, судиите и фудбалерите;

б) национални организации, кои што ги застапуваат различните фудбалски категории, како на пр. Фудбал за жени , Мал фудбал и Фудбал на плажа;

в) Здруженијата кои ги застапуваат фудбалските клубови кои учествуваат во двете врвни лиги во рамките на ФФМ.

## Општински фудбалски сојузи

### Член 7

1. Секој ОФС е локално надлежен за развојот, унапредувањето и водењето на фудбалот на своето географско подрачје, согласно границите дефинирани од страна на географските поделби на Република Македонија. Само еден ОФС смее да постои во рамките на истите географски граници на територијата за засегнатата општина на Република Македонија кој што е прописно регистриран во Централниот регистар на Република Македонија и кој го има името на засегнатиот општински фудбалски сојуз.

2. За да стане членка на ФФМ, секој ОФС треба да ги исполнува следните услови:

   а) да биде составен од најмалку шест фудбалски клубови, регистрирани на подрачјето на ОФС, што ќе ја имаат обврската да се натпреваруваат во натпреварувањата организирани од страна на ОФС;

   б) да има најмалку петнаесет судии кои се едуцирани под надлежност на ФФМ и регистрирани во ФФМ и/или националната организација на судии;

   в) да има свој Статут и други акти.

3. Секој ОФС кој не ги исполнува условите од став 2 на овој член автоматски го губи својот членски статус во ФФМ, но неговите здружени клубови може да побараат припојување кон некој ОФС којшто е здружена членка на ФФМ. Управниот одбор на ФФМ ги одобрува таквите барања базирајќи ја својата одлука на географските критериуми и бара измени на статутите и прописите на засегнатиот ОФС.

4. Понатаму, два или повеќе ОФС и нивните здружени фудбалски клубови, кои индивидуално не ги исполнуваат условите од став 2 на овој член, можат да формираат здружен ОФС. Формирањето на таков ОФС бара претходна согласност на Управниот одбор на ФФМ, којшто предвид ги зема географските подрачја и поставува понатамошни барања согласно овој Статут и другите правни акти на ФФМ.

5. УО на ФФМ понатаму ги појаснува и регулира правните статуси на секој засегнат фудбалски клуб земајќи го предвид членството во соодветниот ОФС.

## Национални организации/сојузи на фудбалски чинители

## Член 8

1. Следните фудбалски поединци, коишто учествуваат во професионалниот фудбал, смеат да формираат единечни организации/сојузи во рамките на територијата на Република Македонија со цел да ги бранат интересите на сопствената група за:

а) Фудбалери;

б) Судии;

в) Тренери.

2. Таквите национални организации/сојузи мора да бидат формирани како правни лица, во кои можат да членуваат различните, претходно споменати поединци, преземајќи соодветни функции.

3. Секоја од овие организации/сојузи треба да биде подредена и призната од ФФМ.

4. Тие треба да имаат свои прописи и свој Статут, одобрени од Управниот одбор на ФФМ.

## Национални организации за фудбалски категории

### Член 9

1. Секоја од следните организации за различни категории на фудбалот можат да формираат правен субјект на територијата на Република Македонија со цел заштита на сопствените интереси:

   а) организации за Фудбал за жени ;

   б) организации за Мал фудбал;

   в) организации за Фудбал на плажа.

2. Таквите национални организации мора да бидат формирани како сопствени правни лица, каде можат да се зачленат различни фудбалски клубови, коишто учествуваат во соодветните категории на фудбалот.

3. Секоја од овие организации треба да биде подредена и призната од ФФМ.

4. Тие треба да имаат свој Статут и свои прописи одобрени од Управниот одбор на ФФМ.

## Здруженија на фудбалските клубови од првите две лиги

### Член 10

1. Фудбалските клубови кои учествуваат во натпреварувањето на Првата и Втората лига можат со одобрение од Управниот одбор на ФФМ да

формираат сопствени правни субјекти (здружение на клубови од Првата и Втората лига).

2. Клубовите општо се застапувани во таквите здруженија од нивниот претседател, потпретседател или директор на клубот. Извршното тело на соодветниот клуб може да назначи друг претставник да биде испратен до Генералното собрание на таквото клупско здружение.
3. Здружението на фудбалските клубови на првите две лиги, предлагаат прописи за натпреварувањата до Управниот одбор на ФФМ и го предлагаат системот за натпреварување.
4. Здружението на фудбалските клубови на првите две лиги ги предлагаат членовите на Комисијата на натпреварувања или комесарот за натпреварувања, како и други комисии за кои ќе се укаже потреба.
5. Здружението на фудбалските клубови на Прва и Втора Лига, може да станат членки на ФФМ.
6. Здружението на фудбалските клубови на Прва и Втора МФЛ ги поднесуваат пред Управниот одбор на ФФМ, нивните статути, прописите и другите акти мора да бидат во согласност со Статутот, прописите и другите правни акти на ФФМ и истите се усвојуваат од надлежните органи на ФФМ.
7. Ако здружението на фудбалските клубови на првите две лиги не го почитува Статутот и прописите на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ ќе ги преземе сите потребни мерки за суспендирање на нивните активности и веднаш ќе ги преземе дадените надлежности.
8. Таквото здружение на фудбалските клубови на првите две лиги се подредени и признати од ФФМ.
9. Нивните прописи и нивниот Статут мора да бидат одобрени од Управниот одбор на ФФМ.
10. Засегнатите фудбалски клубови автоматски го добиваат и губат нивното членство во здружението на фудбалските клубови на Прва и Втора МФЛ врз основа на спортските резултати (унапредување/испаѓање) и другите статутарни и регулаторни барања (на пр.: клупска лиценца).

## Услови за стекнување статус на членка

### Член 11

За да стане членка на ФФМ, секој ОФС треба да поднесе писмено барање до Генералниот секретаријат на ФФМ.

Барањето треба да ги содржи следните податоци:

а) доказ со кој се потврдува дека седиштето се наоѓа во Република Македонија;

б) доказ со кој се потврдува дека сите официјални домашни натпревари на нејзините членки се играат на територијата на Република Македонија како и дека вршат спортски активности во фудбалот. Понатаму, ОФС мора да водат натпреварувања следени од страна на надлежниот орган на ФФМ;

в) доказ со кој се потврдува дека е регистриран во Централниот регистар на Република Македонија и дека според својот правен статус кандидатот може да донесува одлуки во согласност со правните акти на ФФМ и на кандидатот, независно од надворешни страни и влијанија;

г) копија од Статутот и другите акти кои се на сила;

д) листа на официјални претставници и овластени потписници;

ѓ) изјава со која се потврдува дека кандидатот за член дава согласност дека ќе го прифати и ќе го почитува Статутот, правилниците, директивите и одлуките на ФФМ, ФИФА и УЕФА и дека ќе ги почитува можните амандмани, како и дека ќе го почитува Статутот и другите акти, директиви и одлуки на ФФМ, ФИФА и УЕФА, правилата на играта и Кодот на етика на ФИФА ;

е) изјава со која се потврдува дека и сите негови членки ќе ги почитуваат и преземаат одредбите од точка **ѓ)** на овој член;

ж) изјава со која се потврдува дека кандидатот неотоповикливо ја признава надлежноста на независен и непристрасен суд на Арбитражата во врска со било какви спорови од национални димензии како што е наведено во релевантните одредби на Статутот на ФФМ, како и Спортскиот суд за Арбитража (ЦАС) во Лозана (Швајцарија) за било каков спор од меѓународни димензии како што е наведено во релевантните одредби во статутите на УЕФА и ФИФА. Таквите Арбитражни судови се надлежни да се справуваат со било каков спор во последната инстанца и во исклучувањето на било каков редовен суд, освен ако не е изречно забрането од законите кои се на сила во Република Македонија;

з) изјава со која се потврдува дека прифаќа да организира или учествува во пријателски натпревари исклучиво само со претходна согласност од ФФМ;

ѕ) копија од Записникот од последното Генерално собрание или конститутивен состанок;

и) листа на здружени членки на правниот субјект;

ј) доказ дека постои систем на организирано натпреварување во ОФС кое е во согласносто со член 7 став 2 од овој Статут.

## Одлука за зачленување

### Член 12

1. Писменото барање од страна на апликантот, Генералниот секретар на ФФМ го упатува до Управниот одбор на ФФМ.
2. Управниот одбор на ФФМ врши преглед на содржината и исправноста на поднесените докази и материјали, а врз основа на тоа дава писмена препорака до Генералното собрание да донесе одлука за прием во членство.
3. Генералното собрание на ФФМ донесува конечна одлука за прием на член.
4. Новиот член ќе добие права и должности од членството веднаш откако приемот ќе стапи на сила.

## Правен статус на членките

### Член 13

1. Членките на ФФМ имаат статус на здруженија  или каква било друга правна форма, во согласност со законодавството на Република Македонија и Статутот на ФФМ.

## Правни ефекти од приемот за член

### Член 14

После извршениот прием за членка на ФФМ, членката ги стекнува сите права и обврски согласно овој Статут, Законот за спорт (Службен Весник на Република Македонија бр. 29/2002 и измените и дополнувањата (Службен Весник на Република Македонија бр. 66/2004, бр. 81/08, бр. 18/2011 бр. 51/2011) и Законот за здруженија и фондации (Службен Весник на Република Македонија бр.52/2010).

## Права на членките

### Член 15

1. Членките ги имаат следните права:

   а) да бидат поканети на Генерално собрание, да го добијат дневниот ред, да учествуваат во работата на Генералното собрание со своите претставници (делегати)  и право да гласаат;

   б) да даваат предлози за вклучување во дневниот ред на Генералното собрание;

   в) да предлагаат кандидати за Управниот одбор и за други органи и комисии на ФФМ, за нивно избирање на Генералното собрание или назначување од страна на Управниот одбор;

   г) да бидат информирани за работата во ФФМ преку официјалните органи на ФФМ како и преку Макфудбал;

д) за членките да учествуваат во сите натпреварувања организирани од страна на ФФМ, согласно критериумите и системите за натпревари на ФФМ;

ѓ) да ги користат и сите други права согласно овој Статут и другите акти на ФФМ.

## Член 16

1. Секоја членка ги има следните обврски:

   а) да се грижи и да ги штити интересите на ФФМ, а во секој случај да се воздржува од било какви активности спротивни на интересите на ФФМ;

   б) да ги плаќа редовно сите трошоци и надоместоци;

   в) да ја одржува спортската активност и да учествува на натпревари и/или настани организирани од страна на ФФМ или нејзините членки;

   г) да дава известувања и информации за промените на своите акти, како и листа на свои официјални претставници и потписници;

   д) да ги прифати, спроведе и почитува сите акти (Статутот, правилниците, директивите и одлуките) на ФФМ, ФИФА и УЕФА во секое време;

   ѓ) да усвои статутарна клаузула, според која секој спор од национални или меѓународни димензии што се создава поради или е поврзан со примената на Статутот, прописите, директивите на ФФМ или одлуките донесени врз основа на истите, може да се регулира само пред независен и непристрасен Арбитражен суд, признаен од ФФМ и дефиниран во неговиот Статут, којшто конечно ги решава споровите со исклучување на кој било редовен суд, освен ако тоа не е конкретно забрането со законите на Република Македонија;

е) да усвои статутарна клаузула која специфицира дека било какво спор од меѓународни димензии кој настанува од или е поврзан со примената на Статутот, регулативите, директивите на УЕФА и ФИФА или одлука донесена под нив, може да се прати само до Судот за Спортска Арбитража во Лозана, Швајцарија (ЦАС) како што е специфицирано во релевантните одредби на УЕФА Статутот и ФИФА Статутот. ЦАС дефинитивно ќе го реши спорот во последната инстанца и ќе исклучи на било каков редовен суд, освен ако тоа не е забрането со правосилен закон во Република Македонија.

ж) на своето Генералното собрание да гарантира целосна независност на изборите и именувањето на членови на извршниот орган и на другите тела и органи;

з) да не одржува и да укине, било какви односи и активности од спортска природа, со непризнаени субјекти или со членови кои се суспендирани или исклучени;

ѕ) да ги почитува принципите на лојалност, интегритет, спортско однесување и фер - плеј;

и) да се осигура дека неговите членки, фудбалери, тренери, судии и службени лица ги признаваат и прифаќаат обврските наведени во т. *з* и т. *и* преку статутарни одредби во неговите статути;

ј) да ги решава сите настанати евентуални недоразбирања во рамките на ФФМ, преку демократски дијалог и решенија кои се во интерес на фудбалот на територијата на Република Македонија;

к) води регистар на членовите, кој редовно го ажурира и задолжително и благовремено за тоа го известува Секретаријатот на ФФМ;

л) да ги почитува и презема сите други обврски од овој Статут или правилниците, одлуките и директивите на ФФМ, во спротивно ќе бидат санкционирани во согласност со Статутот и другите акти на ФФМ.

## Суспензија

### Член 17

1. Генералното собрание има право да суспендира членка која ги прекршува овој Статут и други акти на ФФМ на максимален период од две години.
2. Во случај на итност, Управниот одбор на ФФМ може да донесе мерка суспензија која влегува во сила веднаш, а ќе трае до наредното Генерално собрание, кое ќе донесе конечна одлука.
3. Членката која е суспендирана ги губи сите права на членство додека трае суспензијата, а компетентниот статутарен орган ќе ги утврди сите правни и спортски последици што поради суспензијата ќе ги сносат клубовите кои припаѓаат на суспендираната членка.

## Губење статус на членка

### Член 18

1. Статусот на членка се губи со откажување, исклучување или престанок на постоење на членката.
2. Губењето на статусот на членка не ја ослободува членката од нејзините финансиски обврски спрема ФФМ или спрема другите членки на ФФМ. Воедно губењето на статусот на членка значи и престанување на сите права во врска со ФФМ.

## Откажување

### Член 19

Членството може да се откаже еднострано од членката преку препорачана пошта која се праќа до Управниот одбор, најмалку шест месеци однапред. Валидно е само од крајот на финансиската година.

## Исклучување

### Член 20

Генералното собрание може да исклучи членка, поради непочитување и сериозни прекршувања на Статутот и другите акти на ФФМ.

## Фудбалски организации и структурата на натпреварувањата

### Член 21

1. Сите организации на клубови, лиги, регионални фудбалски здруженија и другите групи на клубови, мора да бидат подредени и признати од страна на ФФМ и мора да се во согласност со правилата и прописите на ФИФА, УЕФА и ФФМ. Прописите и нивниот Статут и мора да бидат одобрени од Управниот одбор на ФФМ и другите правни акти на ФФМ да се во согласност со овој Статут.
2. Нивниот статус, обем на активности, права и обврски се дефинираат од страна на ФФМ.
3. На територијата на ФФМ се воспоставени следните нивоа на натпреварувања и секое од таквото здружение не може да се состои од повеќе од 18 здружени клуба:

   а) Прва лига

   б) Втора лига

   в) Трета лига

   г) Општинска лига/и
4. Здружените клубови, лиги и групи на ФФМ ги носат одлуките за сите прашања во однос на нивното членство независно од кој било друг надворешен орган. Оваа обврска се применува независно од нивната корпоративна структура.
5. Во секој случај, ниту правно, ниту физичко лице не може да има контрола врз повеќе од еден клуб или група, секогаш кога би се довел во опасност интегритетот на било кој натпревар или натпреварување.

## Почесен претседател и почесни членови

### Член 22

1. Генералното собрание може да ја додели титулата почесен претседател или почесен член на кое било лице врз основа на извонредна работа за фудбалот.

2. Управниот одбор на ФФМ ќе ги изврши тие номинации.

3. Почесниот претседател или почесниот член може да учествува во Генералното собрание. Тие можат да се вклучат во расправите, но немаат право на глас.

## ОРГАНИЗАЦИЈА

## Органи на ФФМ

### Член 23

1. ФФМ ги има следните органи, кои што можат да носат одлуки во име на ФФМ:

а) Генерално собрание – највисок статутарен орган,
б) Управен одбор – извршен орган,
в) Правни органи :
- дисциплински тела,
- клупски лиценцни тела,

г) Генерален секретаријат – административен орган.

2. Органите на ФФМ или ќе се избираат или назначуваат од ФФМ без било какви надворешни влијанија и во согласност со процедурите опишани во овие статути и релевантни регулативи.

## Постојани комисии на ФФМ

Член 24

1. ФФМ ги има следните постојани комисии:

а) Комисија на фудбалски судии

б) Комисија на фудбалски тренери

в) Комисија за безбедност

г) Комисија за натпреварување

д) Комисија за статут и прописи

ѓ) Комисија за финансии

е) Комисија за мал фудбал

ж) Комисија за женски фудбал

з) Комисија за младински фудбал

ѕ) Комисија за меѓународни активности

и) Комисија за спортска медицина и анти-допинг

ј) Комисија за фер-плеј

к) Комисија за внатрешна ревизија

л) Комисија за статусот на фудбалерите

2. Постојаните ад-хок комисиите го советуваат и му помагаат на Управниот одбор при извршувањето на неговите должности. Нивниот состав, правата и обврските се дефинирани во Организацискиот правилник донесен од страна на Управниот одбор. Тој може да додели одлучувачки надлежности на таквите комисии.

3. Претседавачите, замениците-претседавачи и членовите на постојаните комисии не смеат да бидат членови на Управниот одбор, и ќе бидат назначени од страна на Управниот одбор на предлог на членките на ФФМ и претседателот на ФФМ. Претседавачот, заменикот претседавач и редовните членови на постојаните комисии треба да бидат назначени на мандат од четири години. Тие можат да бидат повторно назначени.

4. Секој претседавач го застапува неговиот комитет и ги врши активностите согласно Организацискиот правилник.

5. Секој претседавач ги одредува датумите на состаноците во соработка со Генералниот секретар, проверува дали се извршени сите задачи и го известува УО .

6. Секој комитет може на УО да му предложи амандмани на релевантните прописи.

## Комисија на судии

### Член 25

Комисијата на судии ги имплементира Законите на играта, ги одредува судиите за натпреварите организирани од страна на ФФМ, ги организира судиските работи во ФФМ во соработка со администрацијата и врши мониторинг на едукацијата и тренингот на судиите. Составена е од: претседавач, заменик - претседавач и три члена кои воглавно се искусни поранешни судии.

## Комисија на тренери

### Член 26

Комисијата на тренери ги анализира основните аспекти на обуката и техничкиот развој во фудбалот на примерен начин. Ги организира работите на тренерите во ФФМ и ја следи едукацијата и развојот на тренерите. Се состои од еден претседавач, заменик- претседавач и 3 члена.

## Комисија за безбедност

### Член 27

Комисијата за безбедност се грижи за безбедно и непречено организирање на фудбалските натпревари во согласност со Правилниците. Се состои од претседавач, заменик -претседавач и 3 члена.

## Комисија за натпреварувања

### Член 28

Комисијата за натпреварувања е одговорна за целосната организација на првенството на Првата и Второта лига, таа исто така ја контролира организацијата на другите лиги кои се организирани од страна на ФФМ со примена на Правилниците на ФФМ. Се состои од претседавач, заменик претседавач и 3 члена.

## Комисија за статутот и правилниците

### Член 29

Комисијата за статутот и правилниците ги анализира основните законски прашања поврзани со фудбалот и го оценува Статутот и прописите на ФФМ и неговите членки. Се состои од претседавач, заменик-претседавач и 3 членови.

## Финансиска комисија

### Член 30

Финансиската комисија го следи управувањето со финансиите и го советува УО на ФФМ за финансиските прашања и управувањето со имотот и средствата на ФФМ. Се состои од претседавач, заменик-претседавач и 3 члена.

## Комисија за мал фудбал

### Член 31

Комисијата за мал фудбал се грижи за развојот на фудбалот во сала и ги организира натпреварувањата во мал фудбал. Таа се состои од претседавач, заменик-претседавач и 3 члена.

## Комисија за фудбал за жени

### Член 32

Комисијата за фудбал за жени се грижи за развојот на фудбалот за жени и ги организира натпреварувањата во лигите за жени. Таа се состои од претседавач, заменик претседавач и 3 члена.

## Комисија за младински фудбал

### Член 33

Комисијата за младински фудбал се грижи за развојот на младинскиот фудбалот и ги организира натпреварувањата во младинските лиги. Таа се состои од претседавач, заменик-претседавач и 5 члена.

## Комисија за меѓународни активности

### Член 34

Комисијата за меѓународни активности е одговорна за односите помеѓу ФФМ, заедно со сите негови членки и субјекти, и УЕФА и ФИФА како и други меѓународни асоцијации во административните, односите во натпреварувањата и други односи. Се состои од претседавач, заменик-претседавач и 3 члена.

## Комисија за спортска медицина и анти-допинг

### Член 35

Комисијата за спортска медицина и анти-допинг е одговорна за сите медицински прашања заради заштита на здравјето на учесниците во фудбалската игра. Таа се состои од претседавач, заменик-претседавач и 3 члена.

## Комисија за фер игра

### Член 36

Комисијата за фер игра е одговорна за етничките односи во фудбалот и промовирањето на фер играта. Таа се состои од претседавач, заменик-претседавач и 3 члена.

## Комисија за внатрешна ревизија

### Член 37

Комисијата за внатрешна ревизија ја осигурува целосноста и веродостојната на финансиското сметководство. Таа се состои од претседавач, заменик-претседавач и 3 члена. Тие треба блиску да соработуваат со Независните ревизори пред второнаведените да го поднесат својот извештај до Генералното собрание.

## Комисија за статус на фудбалерите

### Член 38

1. Комисијата за статус на фудбалерите треба да ја утврдува и следи усогласеноста со прописите за трансфер согласно Правилникот за статус и трансфер на фудбалерите на ФИФА и да го одредува статусот на Фудбалерите за различни натпреварувања на ФФМ. УО смее да одреди посебни прописи, кои што ќе ги регулираат надлежностите на Комисијата за статус на фудбалери. Комисијата за статус на фудбалери се состои од претседавач, заменик-претседавач и 3 члена.
2. Споровите во врска со статусот на фудбалерите, кои што го вклучуваат ФФМ, неговите членки, клубови, фудбалери, службени лица и агенти на натпревари и фудбалери, треба да се решаваат пред надлежното тело како што е дефинирано со соодветните прописи на ФФМ и со исклучување на било кој редовен суд, освен ако не е изречно забрането со законодавството на сила во Република Македонија.
3. Оваа Комисија смее да се занимава со спорови за регистрацијата на фудбалерите, тренерите, судиите и другиот технички и медицински персонал, како што е утврдено со прописите за статусот на Фудбалерите усвоени од страна на УО на ФФМ.

## Ад-хок комисии

### Член 39

УО, доколку е потребно, смее да создава ад-хок комисии за посебни задачи и со ограничено времетраење. УО назначува претседавач, заменик

претседавач и членови. Обврските и функцијата се дефинирани во посебни прописи донесени од УО. Ад хок комисиите му поднесуваат извештај директно на УО.

## А. ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

### Дефиниција и состав

### Член 40

1. Генералното собрание е највисок орган на ФФМ, а е составено од делегати на сите членки на ФФМ. Генералното собрание може да биде или редовно или вонредно Генерално собрание.
2. Освен делегатите, на Генералното собрание се повикуваат членовите на Управниот одбор, Генералниот секретар на ФФМ, почесни претседатели и членови одредени од страна на Генералното собрание како и лица поканети од страна на Управниот одбор. Тие немаат право на глас.
3. Управниот одбор може да донесе одлука за учество на Генералното собрание и на трети лица, без право на глас.

### Избор на делегати

### Член 41

1. Членките избираат нивни овластени делегати според бројот на делегати одредени за засегнатата членка на ФФМ во согласност со овој Статут како и истиот број на делегати за замена на Генералното собрание на односниот ОФС. Тие ги претставуваат нив на ниво на ФФМ.
2. При изборот на делегати и делегати за замена, членките треба ги земаат во предвид сите различни фудбалски интереси и структури (фудбалери, тренери, судии, фудбалски работници и други).
3. Мандатот на делегатите и делегатите за замена трае 4 години. Изборот на делегатите и делегатите за замена мора да биде направен најмалку 30 дена пред истекот на мандатот на веќе избраните делегати и делегати за замена. Делегатите и делегатите за замена може да бидат повторно избрани.

4. Мандатот на делегатот и делегатот за замена може да биде прекинат (екс официо), во случај на:

   а) писмена оставка на делегатот / делегатот за замена;

   б) смрт на делегатот / делегатот за замена;

   в) изречена затворска казна повеќе од шест месеци;

   г) изречена дисциплинска мерка за забрана на вршење на должноста делегат / делегат за замена повеќе од шест месеци, од страна на органите на ФФМ.

5. Избраните делегати и делегати за замена имаат полномоштво, издадено од страна на членката која ја претставуваат, кое служи како доказ за нивно претставување.

6. Доколку некој делегат се избере како член на Управниот одбор на ФФМ или било кој друг орган или тело на ФФМ на Генералното собрание на ФФМ, неговиот мандат како делегат завршува по затворањето на таа седница. Тој потоа може да биде заменет со делегат за замена од истиот ОФС кој е прописно назначен од страна на надлежното тело на ОФС.

## Распределба на делегати

## Член 42

1. Бројот на делегати зависи од бројот на клубовите што му припаѓаат на односниот ОФС, а кои се натпреваруваат во натпреварувањата организирани од страна на истиот ОФС или ФФМ, на 31 декември од сезоната кога истекува редовниот мандатен период на делегатите. Бројот на делегатите останува непроменет во текот на мандатен период од 4 години.

2. Бројот на делегати се одредува според следните критериуми:

   а) за секоја членка од 6-10 клубови, а кои се натпреваруваат во најмалку едно од натпреварувањата организирани од страна на ОФС, се избираат 2 делегати;

б) за секоја членка од 11-20 клубови, а кои се натпреваруваат во најмалку едно од натпреварувањата организирани од страна на ОФС, се избираат 3 делегати;

в) за секоја членка од 21-30 клубови, а кои се натпреваруваат во најмалку едно од натпреварувањата организирани од страна на ОФС, се избираат 4 делегати;

г) за секоја членка со повеќе од 30 клубови, а кои се натпреваруваат во најмалку во едно од натпреварувањата организирани од страна на ОФС, се избираат 5 делегати.

3. ОФС, што формираат Трети лиги (Регионални сојузи), имаат заедничко право на 3 дополнителни делегати. Овие 3 делегати мора да бидат составени од :

а) 1 претставник од активните фудбалери;

б) 1 претставник од фудбалските тренери и

в) 1 претставник од фудбалските судии на Третата лига за која што станува збор.

4. Соодветните ОФС мора да ги изберат овие дополнителни делегати преку нивните претставници во Третата Лига и во согласност со горенаведениот став 3.

5. За секоја национална призната организација на чинители (Играчи, Тренери и Судии): 3 делегати

6. За секоја организација која претставува фудбалска категорија (футсал, фудбал на плажа и фудбал за жени): 1 делегат

7. За асоцијацијата од првата лига: 6 делегати.

8. За асоцијацијата од втората лига: 4 делегати.

9. Секој делегат има право на еден глас. Само присутните делегати имаат право на глас. Не е дозволено гласање преку ополномоштеник или писмо.

10. Управниот одбор на ФФМ и Генералниот секретар на ФФМ ќе земат учество во Генералното собрание на ФФМ без право на глас. Во текот на мандатите,

членовите на Управниот одбор на ФФМ и Генералниот секретар на ФФМ не смеат да бидат назначувани како делегати на Генералното собрание на ФФМ.

### Надлежности

### Член 43

1. Генералното собрание ги има следните надлежности:

а) го усвојува и изменува Статутот на ФФМ, како и Постојаните одлуки на Генералното Собрание;

б) го одобрува дневниот ред на Генералното собрание;

в) донесува, врши измени и дополнувања на прописите на Надзорното тело;

г) го донесува, врши измени и дополнувања на Дисциплинскиот правилник;

д) го усвојува, изменува и дополнува Правилникот за судии и судење;

ѓ) го одобрува Записникот од последниот состанок, ако е применливо;

е) ја прифаќа годишната завршна сметка, како и одлучува за распределба на добивката или за покривање на загубата;

ж) го признава извештајот на Претседателот и УО на ФФМ;

з) го усвојува извештајот на Надзорното тело;

ѕ) го признава извештајот од независниот ревизор;

и) го донесува буџетот;

ј) назначува независен ревизор;

к) го одредува износот  на членарините;

л) избира претседател, останати членови на УО, Надзорното тело и правните органи, секој за период од четири години;

љ) одлучува по предлогот на УО за именување на лице со посебни заслуги во однос на фудбалот на ФФМ како почесен претседател или почесен член;

м) донесува одлука за здружување, суспендирање или исклучување на членка;

н) го отповикува мандатот на еден или на повеќе членови од органите на ФФМ, или на некој орган;

њ) одлучува за расформирање на ФФМ;

о) го дефинира составот на секоја лига и системот за натпреварување организиран од страна на ФФМ со одредување на бројот на здружени клубови вклучувајќи ги оние кои треба да се промовираат и преназначат;

п) назначува делегати на Одборот за верификација, бројачи на гласови и делегати за верификација на записникот.

## Редовно Генерално собрание

### Член 44

1. Редовното Генерално собрание, го свикува Претседателот, по одлука на Управниот одбор на ФФМ, еднаш годишно, во периодот на шест месеци по завршувањето на финансиската година. Поканите за состанокот мора да бидат испратени најмалку 30 дена пред состанокот до официјалната адреса на членката на ФФМ која ја препраќа веднаш до нејзините прописно назначи делегати на Генералното собрание.
2. Управниот одбор го предлага дневниот ред. Нацрт-дневниот ред, извештајот за активностите, буџетот, завршната сметка и другите релевантни документи, мора да бидат испратени на членовите на ФФМ најмалку 10 дена пред состанокот.

3. Секоја членка на ФФМ, освен почесните претседатели и почесни членови, има право да бара дополнување на дневниот ред. Таквото барање треба да биде во писмена форма со краток заклучок. Воедно треба да се осигура дека Генералниот секретаријат на ФФМ го примал барањето, најмалку 20 дена пред состанокот. Таквото барање треба да биде присутно на дневниот ред поднесен до членките на ФФМ.

4. Членките на ФФМ имаат одговорност да го препратат свикувањето како и секој друг документ примен во однос на Генералното собрание за веднаш да го испратат до неговите прописно назначени делегати. Администрацијата на секоја членка на ФФМ го потврдува извршувањето на оваа задача со писмо испратено до генералниот секретар на ФФМ.

## Дневен ред за редовното Генерално собрание

### Член 45

1. Дневниот ред за редовното Генерално собрание мора да ги содржи најмалку следните точки:

а) поздравен говор и отворање на Собранието од Претседателот;

б) назначување на членовите на Одборот за верификација;

в) назначување на три делегати за верификација на записникот;

г) назначување на бројачи на гласови;

д) суспендирање и/или исклучување на член, ако е применливо;

ѓ) усвојување на дневниот ред за Генералното собрание вклучувајќи ги и барањата поднесени од страна на членките на ФФМ

е) усвојување на записникот од претходното Генерално собрание, ако е применливо,

ж) поднесување на извештајот на Претседателот и Извршниот комитет;

з) признавање на извештајот од независниот ревизор;

ѕ) усвојување на завршната сметка за претходната година;

и) усвојување на буџетот за следната година;

ј) избори на претседател, останатите членови на УО, ако е применливо;

к) разгледување на предлог-амандманите на Статутот на ФФМ, Постојаните одлуки на Генералното собрание и сите други Правилници на ФФМ, за кои е надлежно Генералното собрание (ако е применливо);

л) избори на членовите на Надзорното тело, (ако е применливо)

љ) назначување на независен ревизор, ако е применливо, на предлог на УО на ФФМ;

м) исклучување на лице или на орган, ако е применливо;

н) прашања од членовите и разно;

њ) прием на членство, ако е применливо.

2. Барањето за членство на здружението, мора да стои во дневниот ред и тоа по завршувањето на сите други ставки на дневниот ред. Суспензијата или исклучувањето на некоја членка на ФФМ мора да се изврши пред да почне било каква дискусија.

3. Нацрт дневниот ред, како што е предложен од страна на УО на ФФМ, може да биде изменет само за време на седницата откако Претседателот официјално ќе го отвори Генералното собрание и ако најмалку две третини од присутните делегати се изјаснат во корист на таквата измена.

## Вонредно Генерално собрание

### Член 46

1. Претседателот, на одлука на Управниот одбор на ФФМ, може да свика вонредно Генерално собрание.

2. Претседателот е должен да свика вонредно Генерално собрание, ако најмалку 1/3 од делегатите на ФФМ доставаат писмено барање преку препорачана пошта до Генералниот секретар. Ако состанокот не се свика во рок од 7 дена, членките на ФФМ што го испратиле барањето можат сами да го закажат состанокот со тоа што ќе ја информираат ФИФА и УЕФА. Таквиот состанок

треба да се одржи најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на писменото барање.

3. Известувањето за состанокот мора да биде испратено не подоцна од 20 дена пред состанокот.
4. Дневниот ред и другите релевантни документи мора да бидат испратени до членките не подоцна од 10 дена пред состанокот.
5. Кога вонредното Генерално собрание е закажано по иницијатива на Управниот одбор, истиот мора да го направи и дневниот ред. Кога Генералното собрание е закажано по иницијатива на најмалку 1/3 од делегатите на ФФМ, дневниот ред мора да го содржи точките покренати од тие членки.
6. Дневниот ред не може да се промени во текот на состанокот.

## Кворум на присуство

### Член 47

1. Генералното собрание донесува полноважни одлуки ако апсолутното мнозинство (50%+1) од сите делегати на ФФМ што имаат право на глас се присутни.
2. Ако не е обезбеден кворум, треба да се одржи второ Генерално собрание, следниот ден на истото место и време со истиот дневен ред. За второто Генерално собрание не е потрбен кворум на присуство, освен ако која било точка од дневниот ред не предвидува измени во Статутот на ФФМ, избор на претседател или на останатите членови на Управниот одбор, отстранување на еден или на повеќе членови од орган на ФФМ, исклучување на една или повеќе членки на ФФМ или расформирање на ФФМ. За второнаведените одлуки најмалку апсолутното мнозинство (50% + 1) од сите делегати треба да е присутно.

## Записник

### Член 48

1. Записникот за целото работење на Генералното собрание ќе го води лице назначено од страна на Генералниот секретар.

2. Делегатите кои се назначени да го потврдат записникот ќе го сторат истото со цел записникот да може да се испрати до Асоцијациите членки во рок од 90 дена од Генералното собрание. Записникот ќе се смета за одобрен ако, во рок од 30 дена од неговото испраќање, не се поднесени никакви приговори преку препорачано писмо од членките на ФФМ до Генералниот секретаријат. Во случај да се добијат приговори, записникот ќе се стави на дневен ред на следното редовно Генерално собрание за конечно одобрување.

## Претседавање со Генералното собрание

### Член 49

1. Редовните и вонредните Генерални собранија ќе ги води Претседателот на ФФМ или Потпретседателот доколку Претседателот не е во можност да присуствува. Ако Потпретседателот е отсутен или не е во можност да присуствува, членот кој најдолго членува во Управниот одбор на ФФМ ќе претседава на состанокот.

2. Генералното собрание се одржува во согласност со Постојаните одлуки на Генералното собрание, одобрени од Генералното собрание. Овие Постојани одлуки ги регулираат постапките за верификација на делегатите, водењето записник, избори и другите работи поврзани со работата на Генералното собрание (редовно или вонредно).

## Донесување одлуки и кворум

### Член 50

1. Генералното собрание не може да донесува одлука за точка која не е на одобрениот дневен ред.

2. Членките на ФФМ го остваруваат своето право на глас, преку своите прописно номинирани делегати. Секој делегат има право на еден глас и не може да претставува повеќе од една членка на ФФМ.
3. Доколку не е на друг начин предвидено со овие статути, за одлуките да бидат усвоени потребна е поддршка од најмалку апсолутното мнозинство (50% +1) од гласовите на присутните делегати. За одлуките поврзани со промена на седиштата на ФФМ, измени на статутите, измени на дневниот ред на редовното Генерално собрание, отстранување на членови од орган на ФФМ, избор на почесен претседател или почесен член, исклучување членка на ФФМ или расформирање на ФФМ, потребна е поддршка од најмалку 2/3 од гласовите на присутните делегати.
4. Одлуките се донесуваат со подигање на рацете, освен ако 1/3 од прописно назначените делегати го поддржуваат барањето за тајно гласење предложено од најмалку еден делегат. Изборите ќе бидат спроведени со тајно гласање освен ако бројот на кандидати е еднаков со бројот на местата кои се слободни и во согласност со одлуката на Генералното собрание.
5. Гласање со полномоштво или со писмо не е дозволено.
6. Одлуките донесени на Генерално собрание стапуваат веднаш на сила освен ако не е поинаку одлучено од страна на делегатите.

## Избори

### Член 51

1. Изборите ќе се вршат со тајно гласање. Нерегуларните гласачки ливчиња, празните гласачки ливчиња и сите други видови на неправилности нема да се земаат предвид во текот на броењето на валидните гласови.
2. За изборот на претседател во првото гласање, потребно е мнозинство од најмалку 2/3 од дадените валидни гласови. Во второто гласање потребно е апсолутно мнозинство (50% +1) на дадените валидни гласови со цел да се изврши избор. Во сите последователни гласања се избира кандидатот со просто мнозинство (најголемиот број) од дадените валидни гласови.

3. При избирањето на членовите на УО (со исклучок на Претседателот), потребно е апсолутно мнозинство (50%+1) од дадените валидни гласови за да може тие да се изберат во првиот круг. Ако некои расположливи позиции не се прописно избрани, се врши второ и наредно гласање во кое што кандидатот кој ќе добие просто мнозинство (најголемиот број) од дадените валидни гласови се избира за останатите отворени позиции. Во случај на еднаков број на валидни гласови во истото гласање за два или повеќе кандидати, ќе се изврши следно гласање меѓу оние кандидати со еднаков број на гласови.
4. Ако има повеќе од два кандидата за една расположлива позиција, кандидатот кој ќе го добие најмалиот број на гласови се елиминира од следното гласање.

## Б. УПРАВЕН ОДБОР

### Состав

### Член 52

1. Управниот одбор е извршниот орган на ФФМ.
2. Управниот одбор е составен од 15 членови, и тоа претседател, потпретседател и 13 редовни членови, сите избрани од страна на делегатите на Генералното собрание. На предлог на Претседателот, Управниот одбор го избира Потпретседателот од своите редови на првиот состанок по изборот.
3. Секоја членка на ФФМ може да предложи еден кандидат за член на Управниот одбор на ФФМ, не подоцна од 20 дена пред Генералното собрание, каде што изборот на Управниот одбор е на дневен ред. Кандидатот мора да ги исполнува следниве услови:

а) да биде граѓанин на Република Македонија

б) да има најмалку 18 години;

в) да не бил претходно осуден за кривично дело со казна поголема од 3 месеци затвор;

4. .Членките на ФФМ ја испраќаат нивната листа со кандидати заедно со потребните докази дека кандидатот ги исполнува условите во согласност со став 3 погоре (на пр. копија од пасош и извод за неосудуваност) до Генералниот секретаријат на ФФМ. Официјалната листа на сите кандидати мора да биде проследена до членките на ФФМ, заедно со нацрт дневниот ред за Генералното собрание, на кое ќе се врши изборот на Управниот одбор .
5. За време на траењето на тој мандат ниту еден член на Управниот одбор не може да биде во исто време член на било кој правен орган на ФФМ, на Надзорното тело или на Комисијата за внатрешна ревизија на ФФМ ниту да биде делегат на Генералното собрание на ФФМ.
6. Ниту една членка на ФФМ не може да има повеќе од еден претставник во Управниот одбор .

## Траење на мандатот

## Член 53

1. Траењето на мандатот на претседателот, потпретседателот и другите редовни членови на Управниот одбор е 4 години. Овие членови може да бидат повторно избрани.
2. Мандатот на сите членови на Управниот одбор вообичаено започнува по завршувањето на Генералното собрание на чијшто дневен ред биле изборите и трае до завршувањето на следното изборно Генерално собрание во четвртата година.
3. Ако некое место е испразнето, Управниот одбор мора да го пополни местото до следното редовно Генерално собрание, кога ќе бидат избрани замени за остатокот од времетраењето на мандатот.

## Состаноци

### Член 54

1. Управниот одбор треба да одржува состаноци најмалку 6 пати во текот на една година. Претседателот на Управниот одбор ги свикува и закажува состаноците.
2. По барање на најмалку 5 члена на Управниот одбор, Претседателот мора да свика состанок во рок од 14 дена од доставувањето на барањето. Ако Претседателот не свика состанок во тој период, тогаш еден од членовите кои го доставиле барањето може да го закаже состанокот во консултација со генералниот секретар.
3. Претседателот го одредува дневниот ред за состаноците во соработка со Генералниот секретар, а членовите мора да ги достават своите точки за дневниот ред на состанокот, до Генералниот секретар барем десет дена пред состанокот. Дневниот ред мора да биде испратен до членовите на Управниот одбор барем осум дена пред состанокот.
4. Генералниот секретар учествува на состаноците на Управниот одбор во советодавна улога.
5. Состаноците на Управниот одбор не се јавни, меѓутоа Управниот одбор може да покани трети лица да присуствуваат на состанокот. Тие лица немаат право на глас и можат своето мислење да го искажат само со дозвола на Управниот одбор.

## Претседавање со состаноци

### Член 55

1. Со состаноците на Управниот одбор на ФФМ претседава Претседателот, а доколку Претседателот е отсутен или не е во можност да присуствува, со состанокот претседава Потпретседателот. Доколку и Потпретседателот е отсутен или не е во можност да присуствува, присутните членови назначуваат претседавач.

2. Генералниот секретаријат на ФФМ ги подготвува состаноците на Управниот одбор под раководство на генералниот секретар.

## Надлежности

### Член 56

1. Управниот одбор ги има следните надлежности:

   а) управува со работата на ФФМ;

   б) именува и разрешува Генерален секретар на ФФМ на предлог на Претседателот;

   в) именува претседавач, заменик претседавач и членови на постојаните комисии и ад-хок комисии;

   г) именува менаџери и тренери за сите национални тимови и друг технички и медицински персонал;

   д) врши надзор над сите активности на органите, комисиите и активностите на ФФМ кои се во негова надлежност;

   ѓ) подготвува и свикува редовни и вонредни Генерални собранија;

   е) изготвува предлог за буџет за следната финансиска година и финансиски извештај за претходната година;

   ж) изготвува предлог извештаи за своите активности;

   з) може повремено да отпушти или разреши лице или орган на ФФМ, до следното Генерално собрание;

   ѕ) подготвува правилници и акти што треба да ги донесе Генералното собрание;

   и) ги усогласува и усвојува сите прописи кои не се во надлежност на Генералното собрание;

   ј) обезбедува средства за трошоци што не се предвидени со буџетот, до вкупен износ од 20 % од прометот, секоја сезона;

к) Организира натпревари на национално ниво. Управниот одбор може да ја додели оваа задача на други органи на ФФМ. Во тој случај, Управниот одбор ќе ја следи организацијата на овие натпревари;

л) воспоставува и одржува соработка со меѓународните и националните спортски организации и органи, а воедно предлага и претставници на ФФМ во претходно наведените тела;

љ) доставува предлози до Генералното собрание за избор на почесен претседател и почесен член на ФФМ;

м) доставува информации до членките на ФФМ и јавноста;

н) го одобрува Статутот и прописите на членките на ФФМ, како и на нивните измени и дополнувања;

2. Покрај тоа, Управниот одбор на ФФМ може да донесува одлуки за било какви прашања кои не се во надлежност на некој друг статутарен орган на ФФМ или кои не се регулирани со овој Статут.

3. По потреба може од други лица и органи да побара советодавни услуги, како и да додели извршување на одредени задачи од својата надлежност.

## Одлуки

### Член 57

1. Управниот одбор не може полноважно да одлучува ако не се присутни најмалку 8 од неговите членови.

2. Секој член има право на еден глас и не може да претставува повеќе од една членка. Гласање со полномоштво не е дозволено.

3. Управниот одбор донесува одлуки со просто мнозинство од присутните членови. Во случај на ист број на гласови, лицето што претседава со состанокот го има одлучувачкиот глас. Отсутните членови не можат да гласат.

4. Секој член на Управниот одбор треба да се воздржи од дискусија и донесување одлуки во било кој случај во кој постои конфликт на интереси или ризик од таков конфликт.

5. Секој член на Управниот одбор има право да дискутира и да го искаже своето мислење.

6. За сите донесени одлуки се води Записник под раководство на Генералниот секретар.

7. Одлуките што се донесени од Управниот одбор ќе стапат на сила веднаш, освен ако Управниот одбор не одлучи поинаку.

## Комитет за итност

## Член 58

1. Комитетот за итност ги извршува сите работи кои бараат итно решавање помеѓу два состаноци на Управниот одбор. Комитетот за итност го сочинуваат, во зависност од случајот, три члена, Претседателот, Потпретседателот и еден член на Управниот одбор, кој е прописно избран од страна на Претседателот според неговата достапност и независност (да нема конфликт на интереси). Во случај Претседателот и Потпретседателот да имаат конфликт на интереси за некоја работа, тие мора да се воздржат и да го информираат членот со најдолго искуство од Управниот одбор, кој со своите назначувања ќе дејствува како претседавач на Комитетот за итност на истиот принцип како и Претседателот.

2. Претседавачот свикува и претседава со состаноците на Комитетот за итност.

3. Комитетот за итност може да ја донесе својата одлука или преку одржување на состанок или со допис преку писмо, факс, електронска пошта па дури и преку конференциски повик.

4. Сите одлуки донесени од Комитетот за итност, ќе имаат правно дејство веднаш, но сепак, тие мора да бидат потврдени од Управниот одбор на неговиот следен состанок.

5. Генералниот секретар е одговорен за административната работа во однос на Комитетот за итност и тој назначува лице за водење записник. Овој записник треба да биде одобрен од Претседавачот на Комитетот за итност и доставен до сите членови на Управниот одбор во рок од 10 дена по состанокот.

## Претседател

### Член 59

1. Само членките на ФФМ може да предложат кандидат за Претседател на ФФМ кој мора да ги исполнува истите услови како и кандидатите за избори во Управниот одбор (член 52 став 3). Предлогот мора да биде одобрен од страна на компетентното статутарно тело на ФФМ и доставен до Генералниот секретаријат на ФФМ, во писмена форма и најдоцна 20 дена пред изборното Генералното собрание. Ако членот на ФФМ не одреди компетентно тело во своите статути, за компетентно ќе се смета Управното тело.
2. Претседателот ги има следните надлежности:
   а) правно ја претставува ФФМ;
   б) свикува состаноци на Управниот одбор и состаноци на Комитетот за итност;
   в) претседава со Генералното собрание, со состаноците на Управниот одбор и состаноците на Комитетот за итност;
   г) го следи спроведувањето на одлуките донесени од Генералното собрание, Управниот одбор и Комитетот за итност;
   д) го следи правното и ефикасно функционирање на органите на ФФМ, и остварувањето на целите од овие статути.
3. Сите дополнителни надлежности на Претседателот ќе бидат содржани во Правилникот за организација на ФФМ.
4. Ако Претседателот е спречен трајно или привремено да ја извршува неговата службена функција тој ќе биде заменет од Потпретседателот. Во случај на долготрајно отсуство повеќе од 6 месеци, на следното Генерално собрание ќе се избере нов претседател за преостанатиот мандат.

## Застапување и потпис

### Член 60

1. Претседателот го застапува ФФМ.
2. Документите на ФФМ ги потпишува Претседателот или лицата кои ги назначува Претседателот, кои ќе бидат членови на Управниот одбор.
3. Правилникот за организација ги дефинира правата за потписи, вклучувајќи го и оној на Генералниот секретар на ФФМ.

## В. ПРАВНИ ОРГАНИ

### Правни органи и надлежности

### Член 61

1. Правни органи на ФФМ се:
   - Дисциплински орган
   - Орган за клупско лиценцирање

2. Дисциплински органи на ФФМ се:
   - Дисциплински инспектор
   - Дисциплинска комисија
   - Комисија за жалби

3. Органи за клупско лиценцирање на ФФМ се:
   - Комисија за лиценцирање на клубови
   - Комисија за жалби за лиценцирање на клубови

4. Дисциплинските органи на ФФМ имаат надлежност да изрекуваат дисциплински мерки како што е предвидено со овие статути. Дисциплинскиот инспектор ќе ја претставува ФФМ во дисциплинските постапки за ФФМ и ќе води истраги како што е побарано од Управниот одбор на ФФМ или Генералниот секретар на ФФМ. Тој може да обжали некоја одлука донесена од Дисциплинската комисијата или Комисијата за жалби пред повисок орган.
5. Членовите на правните органи ги избира Генералното собрание за период од четири години. Тие не можат да припаѓаат и на друг статутарен орган на ФФМ или на генералниот секретаријат на ФФМ во исто време.

6. Одлуките донесени од правните органи се конечни и истите можат да се упатат до признатиот самостоен и независен трибунал за арбитража само ако така одлучи и утврди Генералното собрание на ФФМ и со исклучок на било кој редовен суд, освен ако тоа не е изречно забрането со правосилното законодавство на Република Македонија.
7. Составот, правата, обврските и надлежностите на дисциплинските органи на ФФМ се регулирани со Дисциплинскиот правилник на ФФМ, кој ќе биде во согласност со Дисциплинскиот кодекс на ФИФА.
8. Составот, овластувањата и работата на органите за клупско лиценцирање на ФФМ како и процедурата за лиценцирање и условите се дефинирани во правилникот за клупско лиценцирање на ФФМ, донесен од Управниот одбор на ФФМ, кој се усогласува со прописите за клупско лиценцирање на ФИФА и УЕФА.

## Дисциплинска комисија

## Член 62

1. Дисциплинската комисија се грижи за примената на мерките и постапката за казнување на фудбалски и стручни организации, нивните клубови и асоцијации, сојузи, други нивни организации и органи, како и поединци кои ќе ги прекршат правилата на играта и спортското однесување или ќе го прекршат овој Статут, прописи, директиви или одлуки на ФФМ, УЕФА и ФИФА или на било кој друг начин ќе ја нарушат дисциплината и ќе му наштетат на угледот на фудбалот како спорт.

2. Дисциплинската комисија се состои од 3 членови и 3 заменици, и тоа: Дисциплински комесар (Претседавач на Комисијата), двајца членови и тројца заменици. Претседавачот на Комисијата, неговите заменици и членовите мора да имаат правни квалификации.

3. Дисциплинската комисија своите одлуки ги носи само ако се присутни сите нејзини членови, каде што, ако некој од членовите не е во можност да присуствува, Претседавачот на Комисијата определува кој член од замениците ќе го замени.

4. Во одредени случаи утврдени со Дисциплинскиот правилник, Дисциплинскиот комесар (Претседавачот на Комисијата) може сам да одлучува.

## Комисија за жалби

### Член 63

1. Комисијата за жалби е второстепен орган којшто постапува по молбите и жалбите кон одлуките на Дисциплинската Комисија, и постапува согласно Дисциплинскиот правилник на ФФМ.
2. Комисијата за жалби се состои од 3 члена и 3 заменици, и тоа: Претседавачот на Комисијата, два члена и три заменици. Претседавачот и неговите заменици мора да имаат правни квалификации.
3. Комисијата за жалби своите одлуки ги носи само ако се присутни сите членови, каде што, во случај некој од членовите да не е во можност да присуствува, Претседателот определува кој член од замениците ќе го замени.

## Дисциплински мерки

### Член 64

1. Во случај на неспортско однесување, кршење на Законите на играта или повреда на овие статути, прописи, директиви или одлуки на ФФМ, правните органи можат да изречат поединечни или заеднички дисциплински мерки .
2. Дисциплински мерки за физички и правни лица:
   а) опомена;
   б) укор;
   в) парична казна;
   г) враќање на наградите.
3. Дисциплински мерки за физички лица:
   а) предупредување;
   б) исклучување;
   в) отстранување од натпревар;
   г) забрана за пристап до соблекувални и/или клупа за замени;
   д) забрана за влегување на стадион;

ѓ) забрана за учество во било каква активност поврзана со фудбал.

4. Дисциплински мерки за правни лица:

а) забрана за трансфер

б) играње натпревар без присуство на публика;

в) играње натпревар на неутрална територија;

г) забрана за играње на одреден стадион;

д) поништување на резултат на натпревар;

ѓ) исклучување од натпреварување;

е) службено губење на натпревар;

ж) одземање на бодови;

з) префрлање во пониска лига.

5. Во случај на било кој начин на изразување на дискриминација или однесување со презир од страна на клуб, играч или официјален претставник, правните органи на ФФМ можат да изречат, поединечни или заеднички дисциплински мерки предвидени со Дисциплинскиот правилник и во согласност со Дисциплинскиот кодекс на ФИФА:

## Г. ОРГАНИ ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА КЛУБОВИ

### Систем за лиценцирање на клубови

### Член 65

1. Клубовите - членки кои учествуваат во УЕФА клупските натпреварувања, мораат да поседуваат лиценца издадена од ФФМ.
2. Управниот одбор може да побара од клубовите-членови да поседуваат лиценца за да учествуваат на националните натпреварувања.

3. Органи за лиценцирање на клубовите се следниве:

   а) Комисија за лиценцирање на клубови (во прв степен)

   б) Комисија за жалби за лиценцирање на клубови (во втор степен).

4. За вршење подготовка, примена и развој на клупскиот лиценцен систем и административна и друга поддршка на органите за лиценцирање, Генералниот секретар на ФФМ формира Одделение за лиценцирање.

5. Составот, надлежноста и работата на органите за лиценцирање на клубовите, како и постапката и условите за лиценцирање, се пропишани со Прирачникот за клупско лиценцирање на ФФМ, донесен од Управниот одбор.

## Д. НЕЗАВИСНА АРБИТРАЖА

### Јуриздикција

### Член 66

1. Сите спорови кои ќе настанат од или во врска со примената на Статутот, прописите, директивите или одлуките на ФИФА, УЕФА и ФФМ ќе бидат доставени до ексклузивната јуриздикцијата на ФИФА, УЕФА и ФФМ. Членките на ФФМ, фудбалерите, тренерите, судиите, службените лица и агенти за натпревари и фудбалери нема да истапуваат со било какви спорови пред редовните судови, освен ако тоа не е изречно забрането со правосилното законодавство на Република Македонија.

2.ФФМ ќе има јуриздикција над интерните национални спорови т.е. расправите меѓу страните што и припаѓаат на ФФМ. ФИФА и УЕФА имаат јуриздикција над меѓународните спорови т.е. спорови меѓу страните каде што барем едната страна припаѓа на друга асоцијација покрај ФФМ.

3.Секој спор од национална димензија може да се упатува единствено до последниот степен на Судот за спортска арбитража (ЦАС) во Лозана (Швајцарија) сè додека во Република Македонија не постои национален суд за спортска арбитража во согласност со минималните барања на ФИФА и УЕФА и кој ќе биде признаен од Генералното собрание на ФФМ. ЦАС ќе решава спорови кои не се во надлежност на редовниот суд, освен ако тоа не е изречно забрането со правосилното законодавство на Република Македонија.

4. Секој спор од меѓународна димензија може да се упати до последниот степен на Судот на спортска арбитража (ЦАС) во Лозана (Швајцарија) во согласност со релевантните одредби на Статутите на ФИФА и УЕФА.

## Ѓ. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

### Надлежност

### Член 67

1. Генералниот секретаријат е постојан административен орган на ФФМ.
2. Генералниот секретаријат ги има следните основни надлежности:

а) спроведување на одлуките донесени од статутарните органи на ФФМ;

б) вршење на подготовките за Генералното собрание и за состаноците на другите органи на ФФМ;

в) изготвување на записниците од Генералното собрание и од состаноците на другите статутарни органи на ФФМ;

г) вршење и одржување на административно – техничките работи на ФФМ;

д) чување на документите и деловодните книги на ФФМ.

### Генерален секретар

### Член 68

1. Генералниот секретар е одговорен за работата на Генералниот секретаријат.
2. Генералниот секретар се именува од страна на Управниот одбор врз основа на договор за вработување во согласност со законот за работни односи на Република Македонија.
3. Кандидатот за Генерален секретар мора да зборува најмалку еден од официјалните јазици на ФИФА и УЕФА.
4. Генералниот секретар е одговорен за спроведување и извршување на сите активности на Генералниот секретаријат, како и за работните односи.

5. Генералниот секретар учествува во работата на Генералното собрание, на состаноците на Управниот одбор, на постојаните комисии и ад-хок комисии и на другите статутарни органи во давање на совети и толкување. Доколку тој не е во можност да присуствува, може да назначи некој квалификуван член на Генералниот секретаријат да го замени.

6. Правилникот за организација на ФФМ ги дефинира другите задачи и должности и овластувањата за донесување одлуки на генералниот секретар на ФФМ.

# НАДЗОРЕН КОМИТЕТ

## Надзорен комитет

## Состав

### Член 69

1. Надзорен комитет се состои од 5 члена, 1 претседавач и 4 члена. Надзорниот комитет се избира од страна на Генералното собрание. Секој кандидат мора да биде предложен барем од страна на еден член на ФФМ. Кандидатот мора да биде активен во фудбалот, да не бил претходно осудуван и да има работно искуство во областа на финансии и право најмалку 4 години.

2. Претседавачот, заменикот претседавач и членовите имаат мандат од четири години, со можност за повторен избор.

3. Еден член на Надзорниот комитет не може во исто време да биде член на било кој од следниве органи на ФФМ:

а) Правни органи;

б) Комисија за внатрешна ревизија;

в) Генерален секретаријат;

г) Управен одбор.

## Надлежности на Надзорниот комитет

### Член 70

1. Надзорниот комитет врши контрола во соодветното спроведување на Статутот, прописите и правните акти на ФФМ во однос на националната легислатива на Република Македонија и целокупното правно работење на ФФМ.

2. Другите органи на ФФМ и Генералниот секретаријат мора да му овозможат на Надзорниот комитет да ја испита целосната законска документација, а тоа мора да ги извести истите за било какви нерегуларности.

3. Надзорното тело ќе поднесе извештај за своите наоди до Генералното собрание.

## ФИНАНСИИ

## Сметки на ФФМ

### Член 71

ФФМ има своја денарска жиро-сметка и девизна сметка во една или повеќе банки во Скопје, избрани од Управниот одбор.

## Финансиски период

### Член 72

Финансискиот период е една година и се совпаѓа со календарската година.

## Приходи

### Член 73

Приходите на ФФМ потекнуваат од следните извори:

а) годишна членарина од членките;

б) приход од комерцијалните права (реклама, маркетинг, спонзорство, публикации, секаков вид на медиумски права и други) на кои ФФМ има право;

в) приход од продадените билети за натпреварувањата на националните фудбалски тимови;

г) приход од продадените билети за натпреварите во земјата;

д) парични казни изречени од надлежните органи;

ѓ) донации;

е) пруги плаќања и примања поврзани со активностите на ФФМ (надоместоци за учество и др.)

ж) примања од ФИФА и УЕФА

## Трошоци

### Член 74

ФФМ во однос на својата работа ги покрива следните трошоци:

а) административни и оперативни трошоци на Генералниот секретаријат

б) административни и оперативни трошоци за националните тимови на ФФМ;

в) трошоци за инфраструктурата на ФФМ

г) трошоци за органите и комисиите на ФФМ,

д) трошоци за одржувањето на натпреварувањата на ФФМ, вклучувајќи ги и трошоците за судење;

ѓ) други трошоци одобрени од Генералното собрание и трошоци за кои Управниот одбор е овластен во согласност со опсегот на активности;

е) сите други трошоци за исполнување на целите и задачите на ФФМ.

## Книговодствени принципи

### Член 75

Книговодството треба да се води во согласност со книговодствените правила и принципи кои се применливи за Република Македонија.

### Независен ревизор

## Член 76

1. Независниот ревизор мора да биде надворешен квалификуван ревизор и целосно независен од ФФМ. Тој треба да изврши проверка на сметките и да достави писмен извештај до Генералното собрание. Навреме треба да се достави и копија до Управниот одбор.
2. Независниот ревизор е предложен од Управниот одбор и тој се назначува на годишна основа од страна на Генералното собрание, со можност за повторен избор.
3. Тие исто така можат да имаат пристап до извештајот на внатрешната комисија за ревизија.

## РАСФОРМИРАЊЕ

### Одлука

## Член 77

За престанување на работата - расформирање на ФФМ, потребно е 2/3 мнозинство од вкупниот број на делегати присутни на Генералното собрание кое се свикува посебно за таа цел.

### Управување со имотот

## Член 78

Во случај на престанување - расформирање на ФФМ, вкупниот имот не може да биде распределен помеѓу членките на ФФМ. Истиот ќе биде искористен за слични цели предвидени со правосилните закони на Република Македонија.

## ПОНАТАМОШНИ ОДРЕДБИ

### Организирање на натпревари

## Член 79

1. ФФМ е надлежна за организирање и водење на официјалните натпреварувања што се одржуваат на нејзината територија. Таа ги организира следните натпреварувања:
   а) Првенството во Прва МФЛ;
   б) Првенството во Втора МФЛ;
   в) Првенството во Трета МФЛ;
   г) Фудбалскиот куп на ФФМ;
   д) Првенствата за младите категории;
   ѓ) Фудбалскиот куп на ФФМ за млади категории;
   е) Првенствата и Купот во женски фудбал;
   ж) Првенствата и Купот во мал фудбал.
   з) Супер Купот
   ѕ) Првенството и Купот во фудбал на плажа.
2. Во врска со организирањето и водењето на официјални натпревари, Управниот одбор на ФФМ ги утврдува висините на надоместоците за учество, ги усвојува прописите за натпреварувањето и го овластува Комесарот да го следи текот на натпреварувањето и да известува за него.
3. Управниот одбор на ФФМ може да им ја препушти организацијата на натпреварувањата на општинско ниво на нејзините членки.
4. Натпреварувањата организирани од членките не можат да се совпаѓаат со натпреварувањата организирани од ФФМ. Доколку се случи такво совпаѓање предност ќе имаат натпреварувањата организирани од ФФМ.
5. ФФМ и нејзините членки се обврзуваат да се координираат со меѓународниот календар на натпревари издаден од ФИФА.
6. За меѓународни натпревари и натпреварувања се бара претходно одобрување од ФИФА и/или УЕФА.
7. Членка на ФФМ или клуб не може во исто време да припаѓа на друг сојуз-член на ФИФА ?и не може да учествува во натпреварувања надвор од ФФМ, без

претходно одобрување од ФФМ, други сојузи-членови на ФИФА, УЕФА и ФИФА.

## Заедничка сопственост

### Член 80

Управниот одбор на ФФМ донесува соодветни правилници со кои се забранува било кој правен субјект или физичко лице да поседува или да добие контролен интерес во повеќе од еден клуб-член од членките на ФФМ и да го штити интегритетот на своите натпреварувања.

## Медиуми

### Член 81

1. ФФМ има сопствени ексклузивни права за пренесување и емитување, како и комерцијализирање и дистрибуирање на сите натпревари што се играат под нејзина надлежност; преку кој било аудиовизуелен или звучен медиум во живо, снимка или извадок, право на промоција и нематеријални права како што се правата на амблем и авторското право, без ограничување на содржината, времето и местото.

2. Управниот одбор одлучува како и до кој степен ќе ги искористи овие права и утврдува посебна регулатива во врска со тоа. Управниот одбор самостојно одредува дали овие права ќе се користат ексклузивно или истовремено со трети лица или дали истите ќе бидат целосно пренесени на трето лице.

## Макфудбал

### Член 82

1. Макфудбал е официјално стручно - информативно гласило на ФФМ.

2. Управниот одбор ќе донесе посебни акти во поглед на содржината, финансирањето и други активности поврзани со Макфудбал.

### Признанија и награди

### Член 83

ФФМ може да додели признанија и награди за посебни заслуги во фудбалот во Република Македонија. Управниот одбор на ФФМ ќе донесе посебен акт кој се однесува на условите, постапките и видот на признанијата и наградите.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Извршување

### Член 84

1. Управниот одбор на ФФМ, ја следи примената на овој статут на ниво на членка на ФФМ.

### Работи кои не се предвидени со Статутот

### Член 85

Работите кои не се предвидени со овој Статут или случаите на виша сила мора да бидат утврдени од страна на Управниот одбор со примена на принципите на право и правда.

### Преодни одредби

### Член 86

1. Сите усогласувања на правните акти на ФФМ, со измените и дополнувањата да се извршат до крајот на 2012 година.
2. Здружението на фудбалските клубови од Првата и Втората МФЛ, организациите/сојузите на чинителите како и националните организации за фудбалските категории, ќе бидат основани во согласност со член 8 ,9 и 10 од овој Статут до септември 2012.
3. Членките на ФФМ се обврзани да го изменат нивниот Статут со цел да ги усогласат со Статутите на ФФМ, УЕФА и ФИФА до крајот на 2012 година.
4. Ако членките на ФФМ не ги изменат нивните правни акти во рамките на пропишаната временска рамка, Управниот одбор на ФФМ може да има право да ги суспендира засегнатите членови. .

## Донесување и влегување на сила

### Член 87

1. Овој Статут е усвоен од Вонредното Генерално Собрание, одржано на 29.07.2012 година, со учество на следниве регистрирани членови на ФФМ:

- ОФС Битола;
- ОФС Велес;
- ОФС Валандово;
- ОФС Гостивар;
- ОФС Гази Баба;
- ОФС Гевгелија;
- ОФС Демир Хисар;
- ОФС Куманово;
- ОФС Кратово;
- ОФС Кисела Вода;
- ОФС Кочани;
- ОФС Кичево;
- ОФС Кавадарци;
- ОФС Липково;
- ОФС Македонски Брод;
- ОФС Неготино;

- ОФС Охрид;
- ОФС Пробиштип;
- ОФС Прилеп;
- ОФС Ресен;
- ОФС Струмица;
- ОФС Струга;
- ОФС Скопје;
- ОФС Свети Николе;
- ОФС Тетово;
- ОФС Штип.

2. Овој Статут стапува на сила со денот на неговото објавување во Макфудбал и по неговото регистрирање во Централниот регистар на Република Македонија.

**Претседател,**
**Илчо Ѓоргиоски**

**СТРУЧНО ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ “МАКФУДБАЛ”**
*е стручно информативен лист на*

*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

***Адреса: ФУДБАЛКСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*Ул. “8-ма Ударна Бригада” бр. 31-а*

*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака “ЗА МАКФУДБАЛ”*

*ЖИРО СМЕТКА*

***ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*300000001599760 – Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број 4030992177382*